СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Шеесет и третата седница на Собранието на Република Македонија,
одржана на 23 јуни 1993 година

Скопје, јуни 1993 година

**СОДРЖИНА НА ДИСКУТАЕГИ ОД 63-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 23.VI.1995 година**


1. АНДОВ СТОЈАН – 11 Дневен ред: стр.22
2. АРСОВСКИ БРАНКО - 18,40
3. АРСОВ ДРАГИ - 32
4. АБДИ ФАИК - 43
5. АНАСАТАСОВСКИ МИТКО - 45
6. АНДОНОВ ТИМЕ - 60, 61, 62
7. БАЈАЛЏИЕВ ДИМИТАР - 56
8. ГРОЗДАНОВСКИ ДРАГИ - 35
9. ГЕШТАКОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 4, 6
10. ГОШЕВ ТУШЕ - 42, 60, 61, 62
11. ГЕОРГИЕВСКИ ЉУПЧО - 50
12. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР - 59
13. ДАВЧЕВ САНДЕ - 32
14. ЗАФИРОВСКИ ГОРАН - 52
15. ИВАНОВ ЉУБОСАВ - 55
16. ЈОВЧЕВСКИ ЦВЕТАН - 58
17. КРСТЕВСКИ НИКОЛА - 13, 16
18. МИТЕВСКИ ВЛАДИМИР - 46
19. МИНОВ ПАНЧЕ - 48
20. МАНЕВ ЕФТИМ - 52
21. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН – 53, 54
22. ПАНОВСКИ МИХАИЛ - 37, 39
23. ПЕТРОВ ТОДОР - 31
24. СУЛЕЈМАНИ ОЛОМАН - 34
25. СЕЛМАНИ НЕИМ - 25
26. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ – 14, 58
27. ТРАЈКОВСКИ ПЕТАР - 36
23. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР - 56
29. ХАЛИЛИ АБДУРАХМАН - 12
30, ЦРВКЕНКОВСКИ БРАНКО - 8, 10, 11, 19
31. ЏАФЕРИ ХЕЏАТИ – 57, 61


седницата продолжува

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Шеесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 23 јуни 1993 година

Седницата се одржа во сала 1 со почеток во 12,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ја отворам 63-тата седница на Собранието на Република 1аќедонија.

Пратениците Ристо Стаменов, Јордан Бошков, Димитар Поповски, Иван Иванов, Зоран Крстевски, Димитар Димитровски и Наум Симјановски. Ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Записниците од 58-та, 59-тата, 6-та и 62-та седница на Собранието на Република Македонија Ви се доставени.

Дали некој од пратениците има забелешки на записниците.

(Нема)

Констатирам дека записниците од 58-та, 59-тата, 60-та и 62-та седница се усвоени без забелешки.

За седницата се поканети претседателот на Република Македонија господин Киро Глигоров, претседателот, потпретседателите и членовите на Владата на Република Македонија, Народната банка Република Македонија, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија, Републичкиот фонд за развој, Републичкиот фонд побрзиот развој на стопански недоволно развиени краишта, Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на Република Македонија,

I/2 рд/вц

Републичката самоуправна интересна заедница за патишта, Службата на општествено книговодство на Република Македонија, претпријатието за приредуваше на игри на среќа и игри на автомати, лотарија на Македонија.

Ве известувам дека група пратеници предлагаат дневниот ред за оваа седница да се дополни со Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита, со Предлог на закон, заради обусловеноста на решението на овој закон со донесувањето на Републичкиот буџет за 1993 година.

Исто така, пратеникот Ратка Димитрова поднесе предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за угостителската и туристичката дејност со Предлог на закон и предлага да се дополни дневниот ред за оваа седница со овој закон.

Со оглед на карактерот на прашањата што се предлагаат за разгледување на оваа седница, а се од делокругот на изборите и именувањата, предлагам дневниот ред на оваа седница да не се дополнува со предлози на закони.

Кој е за овој предлог молам да крене рака? (37)

Предлогот не е прифатен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата му предлага на Собранието да се одложи од оваа седница предлогот за избор на членови на Републичкиот судски совет, бидејќи комисијата нема утврдено предлог за членови на Републичкиот судски совет.

Кој е за Предлогот на Комисијата молам да крене рака?(52)

Констатирам дека Собранието го усвои Предлогот на комисијата за прашањето на изборите и именувањето.

Комисијата за економска политика и развој му предлага на Собранието да не расправа по извештајот за работата на Републичкиот фонд за развој за 1992 година, туку истиот да послужи како материјал

за запознавање на пратениците.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (52)

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот на Комисијата.

Комисијата за економска политика и развој му предлага на Собранието да не расправа по предлогот на препораката по Законот за учество на Републиката за воведување на средства во Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените краишта, бидејќи истата треба да се има предвид при расправата по извештајот за работата на Републичкиот фонд на побрзиот развој на недоволно развиените краишта за 1992 година.

Кој е за предлогот на Комисијата молам да крене рака. (47)

Констатирам дека Собранието го усвои Предлогот на Комисијата.

Законодавно - правната комисија и Комисијата за здравство предлагаат предлогот на одлуката на Заводот за рехабилитација на слух, говор и глас - Скопје кои се припојува кон 003Т - Клиники на медицинскиот факултет да не се разгледува на оваа седница, туку да се задолжи Владата на Република Македонија да подготви нова одлука со која што треба да се прецизира основот за донесување на оваа одлука и насловот.

Кој е за предлогот на комисиите молам да крене рака? (56)

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот на комисиите.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата и Законодавно - правната комисија оценува дека нема потреба од изменување и дополнување на одлуката за обезбедување постојани работни тела на Собранието на Република Македонија при донесувањето на новиот деловник на Собранието на Република Македонија.

Кој е за овој предлог на комисиите молам да крене рака?(55)

Констатирам дека Собранието го усвои Предлогот на Комисијата.

Ве известувам дека постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот му предлага на Собранието да ја

одложи расправата по предлог - одлуката за основање на комисија за слободите и правата на човекот, поради тоа што нема мислење од Владата на Република Македонија.

Во меѓувреме Владата на РМ достави мислење во кое известува дека не утврдила став по предлогот на одлуката бидејќи нема надлежност по ова прашање.

Го молам претставникот на Комисијата да се изјасни дали оваа точка да се уврсти во дневниот ред.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, не беше само една причина, бидејќи не беше мислењето на Владата и немаше овластен предлагач за одлуката, ставот на постојаната анкетна комисија за заштита на човековите права и слободи да се одложи од оваа седница и да се расправа на една од наредните седници. Пред се, тука во својот извештај Комисијата наведува и основно прашање е за значењето на човековите права и слободи, почнувајќи од општата декларација за правата на обединетите нации и пред се, на конференцијата за европска безбедност и соработка, каде човековите права се регулирани како еден основен метод на регулирање на односите меѓу државите, а особено со париската повелба за нова Европа од 1990 година, каде почитување на човековите права се подигнати на еден уставен ранг и единствен услов за вклопување на државите во меѓународните интеграции. Во тој случај човековите права и слободи во Уставот на Република Македонија се утврдени во членот 8 како темелна вредност и во Уставот на Република Македонија му е посветено една третина од целокупниот устав околу 40 члена, поделени во три глави, граѓански и политички права и слободи, економски и социјални и гаранција на човековите права и слободи.

Кога сме тука кај гаранцијата на правата и слободите на човекот и граѓанинот еден битен услов пред се во однос на реализацијата во

Република Македонија и меѓународните организации. Во Уставот на Република Македонија е кажано дека човековите права и слободи на граѓаните им се гарантираат по принципот на итност и приоритет пред редовните судови, а одредени човекови права групирани во четири групи пред Уставниот суд. Исто така во Уставот на Република Македонија постои и постојана анкетна комисија за заштита на човековите права и слободи, постои совет за меѓунационални односи, а исто така постои и народен правобранител. Постојат и собраниски тела за штитење на правата и слободите. Пред се, тука е комисијата за претставки и поплаки на Собранието и одредени други комисии, а особено тука е и Комисијата за контрола на државната безбедност.

Тргнувајќи од овој факт ова Собрание на својата 35-та седница, одржана на 10 април 1992 година ја основа постојаната анкетна комисија за заштита на правата и слободите на граѓаните.

Постојаната анкетна комисија започнувајќи ја својата работа и судирајќи се со овие надлежности во оваа многу важна област, утврди дека од почетокот утврдените надлежности во чл.3 не се совпаѓаат со реализацијата на нејзиниот делокруг и важноста на оваа законодавно тело во таа област. Затоа на својата седница, односно на 52-та седница на 16.02.1992година предложи измена и дополнување на постојаната анкетна комисија која ова собрание ја усвои и му пренесе одредени надлежности. Мораме да кажеме дека овие сите тела како уставни категории, определени со Уставот и со деловникот на Собранието, постои одредена колизија во надлежностите. Поаѓајќи од таа причина сега се предлага уште една нова комисија за човекови права која е многу битна и важна. Постојаната анкетна комисија го респектира предлогот на предлагачите, но смета зад оваа седница да фигурираат целосно односите и надлежностите меѓу овие работни тела кои сите се

испреплетуваат од оваа седница да се одложи расправата за оваа комисија, врз основа на стручни согледувања, да се изнајдат методи во однос на целосно регулирање и доаѓање на право значење на човековите права и слободи, како во Републиката, така и меѓународните организации. Поаѓајќи од тоа, а не само дека не постоеше мислење, сметаме дека со една конструктивна и стручна расправа ќе се средат односите во оваа област. Затоа Комисијата му предлага на Собранието да ја одложи расправата и за една од наредните седници да се предложат одредени варијанти, дали со формирање на оваа комисија, или можности за пренесување на надлежностите во постојаната анкетна комисија, поаѓајќи пред се од принципот на уставност и на законитост.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали се прифаќа овој предлог на комисијата?

Кој е за, молам да крене рака? (53)

Според тоа констатирам дека Предлогот на комисијата е усвоен.

Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот му предлага на Собранието да се одложи расправата по предлогот на одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за основање на постојаната анкетна комисија, поради тоа што нема мислење од Владата на Република Македонија.

Го молам претставникот на Комисијата да се изјасни дали оваа точка да се уврсти во дневниот ред.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Наредната одлука е причински поврзана со претходната одлука и сметам дека треба да не се прифати таа одлука, бидејќи со основањето на постојана комисија за заштита на правата на човекот и граѓанинот е причински поврзано со другата комисија. Фактички се преземаат надлежности од едната комисија и се пренесуваат на другата. Се она што го кажав се однесува и за оваа комисија. Затоа постојаната анкетна

комисија предлага и оваа точка од дневниот ред да се одложи на една од наредните седници врз основа на објаснувањето од претходниот став.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали се прифаќа овој предлог од комисијата.

Кој е за, молам да крене рака? (61)

Констатирам дека предлогот на комисијата е усвоен.

Законодавно - правната комисија му предлага на комисијата да не го разгледува предлогот на одлуката за стапката на придонесот за вработување за 1993 година, бидејќи не е предложена од овластен предлагач.

Комисијата за финансирање и буџет нема забелешки на текстот на предлогот на одлуката за стапката за придонес за вработување во 1993 година. Меѓутоа укажува дека овластен предлагач не може да биде Советот на републичкиот завод за вработување.

Го молам претставникот на Владата да го изнесе ставот на Владата.

Дали претставникот на Владата прифаќа да е предлагач на овој предлог.

Ве молам за две минути да се разјасните, ова го резервирам прашајте вие и консултирајте се. Одиме понатаму.

Ве известувам дека Комисијата за економска политика и развој му предлага на Собранието#-да го дополни дневниот ред за оваа седни:-а со предлог на одлука за потврдување на статутот на народната банка на Република Македонија.

Кој е за предлогот на Комисијата, молам да крене рака?(44)

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот на Комисијата за економска политика и развој.

Ве известувам дека Владата на Република Македонија предлага да се дополни дневниот ред со предлози за избор на министер за односи со странство, за разрешување на потпретседател на Владата на Република Македонија и за избор на потпретседател на Владата на Република Македонија.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (44)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници. Во име на пратениците, потписници на барањето за разрешување на претседател на Законодавно - правна комисија, предлагам оваа точка да се изземе од оваа седница и да се стави на дневен ред за една од наредните седници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи не се предлага за дневен ред.

Законодавно - правната комисија му предлага на Собранието да го разгледува предлогот на одлуката за стапката на придонесот за вработување за 1993 година,бидејќи не е предложена од овластен предлагач.

Комисијата за финансирање и буџет нема забелешки на текстот на Предлогот на одлуката за стапката на придонесот за вработување до 1993 година, меѓутоа укажува дека овластен предлагач не може да биде Советот на Републичкиот завод за вработување.

Го молам претставникот на Владата да го изнесе ставот на Владата.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, мислам дека принципиелно треба да го решиме овој проблем, бидејќи ќе ни се провлекува и во други ситуации. Имено за што се работи? Според Уставот на Република Македонија овластени предлагачи пред

Собранието на законски и други акти можат да бидат Владата, група на пратеници, или доколку се соберат доволен број на потписи, 10 илјади од граѓаните, може да бидат предлагачи на законски проект. Меѓутоа да потсетам за една работа: во неколку законски решенија кое што ова собрание ги донесе се инсистираше на директна релација на определени институции спрема собранието. Тоа е случајот со Народна банка, тоа е случајот со фондот за пензиско и инвалидско осигурување, тоа е случајот, како што овдека се работи со заводот за вработуваше итн. Овде несе работи за предлагање на законски акт, туку се работи за став, односно предлог за нивото, односно висината на стапката. Сакам да посочам за еден ваков проблем кој што може лесно да се пројавува, а тоа е да се инсистира Владата да биде предлагач на туѓ материјал. Тогаш кога Владата се согласува со предлогот тогаш може некако да биде прифатена. Меѓутоа лесно може да се случи некои од овие институции да дадат предлози, а Владата да има поинакво мислење.

II/1 JJ/ЛБ

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ**: (продолжение)

Во тој случај не може да се инсистира Владата да биде предлагач секогаш за вакви решенија. Тоа минатиот пат ни се случи со Народната банка, сега ни се случува со Заводот за вработување Имаме став на Фондот за ПИО за барање на покачување на стапката за ПИО и тој директно ќе ја предложи пред Собранието. Владата може да има и поинаков став и при тоа се поставува прашањето како таа може да се јави во позиција на формален предлагач на материјал зад кој што не стои, односно има поинакво мислење. Мислам дека со оглед на можностите тоа да не ни се случува и во иднина, во зависност за која институција се работи или какво прашање се разгледува, треба принципиелно да го решиме прашањето, па сметаме дека за вакви работи Владата не може да ја презема на себе улогата на формален предлагач. Вие денеска ќе видите, подоцна, таму има неколку извештаи во дневниот ред, Извештај од лотарија на Македонија, Извештај за финансиското работење на Народната банка и др. Ќе се постави прашањето дали може предлагач на точка да биде Народната банка и повторно прашањето дали Владата го презема на себе тоа прашање односно улогата на формален предлагач. Од тие причини, мислам дека принципиелно треба да го решиме прашањето и бидејќи се такви решенијата во законите што сме ги донесувале дека не може Владата да се јавува во улога на формален предлагач. Тоа може да биде група на пратеници, претседателството на Собранието, не како форма туку како пратеници, индивидуални пратеници.

II/2

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да се разбереме, сите овие зафаќања што имаат фискален или парафискален карактер што фактички се однесуваат и претставуваат елементи на монетарната политика, за која што на еден или на друг начин одговара Владата. Така не е случајно во Уставот што не е дозволено некои самоуправни тела, поранешни да можат да бидат предлагачи на сегменти од економската политика на Собранието. Се е е концентрирано во Владата или преку пратениците. Затоа Извештајот е сосема друга работа, тој информира, известува. Извештај може секој да поднесе, ако е со закон задолжен, меѓутоа, акт што има материјална сила може да предлага само овластен предлагач како што е речено во Уставот. Тие работи се разликуваат и мислам дека во овој момент тешко може ние да прифатиме предлог на Советот на Републичкиот завод за вработување. Ниту сме го избирале ниту одговара пред нас, а ние одговараме пред граѓаните кои не избрале, а на сите да им се зафаќа. Затоа Владата треба да си процени уште еднаш дали ќе може да биде предлагач на ова, а сега да го одложиме.

Има збор господинот претседател на Владата.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Владата процени и тоа што пред малку ви го говорев е ставот на Владата. Ќе дојде предлог од фондот за ПИО за зголемување на ставката даречеме на пр. на 22%, а Владата ќе има поинаков став, ќе смета дека треба 20%, или да остане истата стапка или пак да се намали. Значи ќе има поинаков став од оној што го има Фондот за ПИО. Во законот, пак, истото ова Собрание се вметнало дека Фондот за ПИО директно комуницира со Парламентот. Или да речеме во законот за Народната банка дека проекцијата за кредитно монетарната политика Народната банка директно ја предлага пред Собранието,  а Владата

дава само мислење. Владата може да има и поинаков став од ставот на Народната банка, меѓутоа она може да инсистира и да го предложи пред Собранието. Така, велам дека во овој случај се погодило да речеме да останува истата стапка и ставот на Владата е да се поддржи. Меѓутоа, ќе доаѓаме во други ситуации и затоа дајте принципиелно да го решиме ова прашање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Принципиелно тоа прашање ќе се реши со законите што ќе ни ги предложи Владата. Владата ќе ни предложи Закон за систем за пензиското осигурување, за системот за работните односи и проблемите во таа област. Тоа ни треба. Владата не треба да чека друг да предлага такви закони.

Има збор Абдурахман Халити.

**АБДУРАХМАН ХАЛИТИ:**

Почитувани пратеници мислам дека треба да се почитува тоа што претседателот на Владата го кажа, со оглед на тоа што Владата се наоѓа во една неможна ситуација согласно уставното решение и тоа што ни се случува во практиката. Меѓутоа, постапката е таа. Постапката за донесување на одлуки е иста како и постапката за донесување на закони. Овластени предлагачи се тие што претседателот на Владата ги напомна. Соодветната примена на одредбите по Деловникот за донесување на одлуки е иста како и за закони. Според тоа стои констатацијата дека од оваа ситуација треба да излеземе, меѓутоа, засега ние мора да имаме овластен предлагач според Уставот. До колку во законите кажеме дека одлуката за тоа и тоа ја предлага овој, ја донесува овој, тоа ќе биде надминато, но засега ситуацијата е таква и Владата мора, и без оглед на тоа дали има различен став од предлагачот, за тој став на Владата и тој што е предлагач ќе биде расправано овде и ќе се одлучи во постапка.

Друг излез засега јас не гледам. Незнам дали одредбите на деловникот, постојниот Деловник нешто друго дозволува. Според тоа Владата може да прифати да биде предлагач на тој предлог и да го објасни својот став при изнесувањето, писмено или усмено зависно како ќе оцени.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Никола Крстевски.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Член 71 од Уставот мислам дека погрешно се толкува-овластувањето на пратеник на Влада или 10.000 граѓани, исклучиво се однесува за предлог за донесување на закон. Во рамките на по- делбата на власта, секој субјект може да комуницира самостојно и може да биде предлагач пред Собранието. Собранието донесува одлуки. Одлуката не е квалификувана со услов пратеник - Влада или 10.000 избирачи. Тоа и по редоследот, математички во Уставот во член 71, при донесување на одлуки не поставува никакви критериуми за донесување на одлуки во Собранието. Тука се 68,69 а 71, фазата за донесување на законот ја условува со пратеник Влада или 10.000 избирачи. И сметам, како и досега дека си е исправна праксата, сите субјекти самостојно ќе се јават, почнувајќи од Народна банка и други пред Собранието. За тоа пак е предвидено и мислење на Владата. Владата не можеме административно и принудно да ја те- раме да биде предлагач кога има сосема различно мислење, прво во однос на стапката за вработување, осигурување итн. Ова е чисто неправилен став во рамките на Законодавно правната комисија.

Исто така конфузија се прави и понатаму во работата на комисиите. И тука се дава став дека работните тела не се овластени да даваат предлог. Предлозите на работните тела ги изедначуваат со донесување на одлука. На пример во кадровската комисија ние даваме предлог, а одлуката се оформува кога ќе се донесе со потребното мнозинство на самото Собрание. И сметам дека само се прави

конфузија, исто така некои органи и некои институции се врзани исклучиво со Владата, други институции директно комуницираат заради самостојноста, со Собранието. Ние вака ги затвораме вратите. Сметаме ги врзуваме законски, самостојноста на банката ја врзуваме исклучиво со Собрание, а сега кога доаѓа да ни дава годишен извештај велиме не се овластени и да одат прво во Владата. Тоа е исто така како да направиле сообраќаен прекршок, бидејќи таму исклучиво може да покрене постапка само сообраќајната полиција. Може вие да кажете на било кој, но мислам дека тука се прави чисто конфузија неправилно директно од Законодавно правната комисија. Пак се повторува во прилог на ова, прави кон- фузија во рамките на работните тела. Не е само Уставот, туку и Деловникот прави регулатива и сметам дека субјектите ќе можат да се обраќаат директно до Собрание а Владата може да даде мислење, може и да не даде, самостојно одлучува. Сметам дека може исправно да се постапува и исклучиво се однесува за постапка при донесување на Закон за овие овластени предлагачи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Томислав Стојановски:

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа немав намера да кореспондирам ниту со претседателот на Владата ниту со господин Крстевски ни со оние кои што предлагаат ова да го примат како неуставно толкување околу примената на Уставот и барањето за зголемувањето на стапката од Заводот за вработување. Уставот го донесовме и со него јасно се предвиде и стои, ќе прочитам членот 71 "право да предлага донесување на закон...." дали тоа ќе биде измена, дополна или нов закон се се подразбира донесување на закон, и да продолжам со цитатот "е лоцирано на секој пратеник во Собранието, на Владата на РМ и на најмалку 10.000 граѓани". Ова е решение за тоа кој има право да

предлага донесување на закон. За Владата во Уставот е дадена уште една можност кога таа не е предлагач, и се дава посебно право, што другите го немаат а е предвидено во членот 91 алинеја 7 да дава мислење за предлози на закони и на други прописи, кои на Собранието му ги поднесуваат други овластени предлагачи. Значи законот го затворил кругот, односно Уставот го затворил кругот како ќе се постапува при донесување односно предлагање на закони. Во овој случај ако Владата не е во состојба во овој момент да застане зад СИЗ-от, на тој орган му стои на располагање и можност односно уште два рогана , а тоа е секој пратеник или група пратеници или 10.000 потписи. Не е затворен кругот ако Владата не прифаќа да можеме да го менуваме уставот. Во овој случај предлагачите, нека се појават, нека биде само еден пратеник да биде формален предлага, ние тој закон ќе го земеме во постапка. Овде се работи за измена на стапки, тоа е една обврска, било да е одлука или закон па и одлуките и законите ги предлагаат пратениците. Нека дојде овој акт формално и нека оди во редовна постапка. Инаку што ќе биде ако на секого му текне да поднесе иницијатива овде да се расправа во парламентот. Ова .че само да се знае редот и затоа нема смисла за ова да се расправа, а ставот на ЗПК не е став ниту на Томе ниту на било кој поединец, таму сите 13 што бевме присутни го изградивме тој став да оди така. Ако се измени ставот и ако Собранието не го прифати ставот на ЗПК, дури тогаш ние ќе се преиспитаме во смисла на она што решило и одлучило Собранието. Тука не сакаме да водиме војна со некого за непотребни работи. Мнозинството одлучува и по силата на силниот ние ќе се повинуваме. И во овој случај нашиот став е таков, на него остануваме за да имаме еден континуитет. Како ќе биде за Народната банка Владата да не може да стои зад предлог на

Народната банка а таа е иницона институција во државата, да не може Владата да стои зад некој нема смисла, или пак да не може една банка да најде зад себе да стои еден пратеник и сл. Во тоа е и силата на Уставот.

А извештаите, господа, кога се работи за извештаи, тоа е како некој да пратил писмо и вели молиме прочитајте го претседателе Стојан Андов, ова за да ги запознаете пратениците со оваа работа. За разлика, зошто ова го говорам од поранешното својство на Собранието кога имало својство на политичка организација и на законодавна, ние во ова Собрание имаме само законодавно својство и можеме да расправаме само за закони, одлуки или резолуции а другото да го примиме само како примено на знаење.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Во претходното образложение се мешаат правни и економски термини. Точно може еко - правно, дека стапката може исклучиво по пат во форма на закон да се измени. Али ако е предвидено во законот за таа институција дека Собранието може да ја измени стапката, ќе биде со закон а ако е речено со одлука, со одлука ќе го направи. Точно зафаќањето е со стапка и сите ги опфаќа, меѓутоа ако е предвидено дека стапката може во форма на измена на закон, тогаш доаѓаат во предвид наведените овластени предлагачи. Меѓутоа ако е со закон регулирано дека стапката може да се измени со одлука во Собранието тогаш е и текстот јасен и стапката е јасна. Останува ние овде да преоцениме, евентуално со потребно мислење на Владата по стручно издржано и нашата оцена да ја изнесеме. Да не се меша економскиот ефект за сите зафаќања, меѓутоа постапката на кој начин се менува постапката за менување на придонесот. Тоа си е регулирано. Ако е со одлука, измената ќе биде со одлука, а ако е форма предвидено со закон , а ни се нуди одлука, тогаш е неовластен предлогот, не е издржан и е спротивен

на предвидената постапка. Треба да не ги мешаме тие работи. А има и природен ред и не мора ние се да праќаме да оди преку Владата зашто постојат и други субјекти, им даваме самостојност, а сега пак ги насочуваме преку Владата. Ако биле во Владата, тие ќе работеле во склопот на Владата односно министерствата. Ние и во останатиот општествен простор имаме институти, универзитети и сега сите ли ќе ги упатуваме спрема Владата. Јас сметам дека исклучиво се прави иста конфузија, меѓутоа Владата ако ценела самостојност таа со измена ќе дадела измена на закон, ќе дадела нов закон, а оценила дека нема потреба. Субјектот Заводот за вработување се обраќа директно до Собранието како кон највисок претставнички орган.

III/1.- ДВ-ВБ

**НИКОЛА КРСТЕСКИ:** (продолжение)

Ако е предвидено стапка да се менува со одлука, ќе донесеме одлука, ако е оправдана. Ако е со закон, исклучиво во постапка закон, се знае: Влада, пратеник. Меѓутоа да не се меша економскиот ефект и постапката на измена на стапката.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас не сум правник, гледам дека сите правници станувaат тука. За мене нема дилема. Уставот е јасен, член 71 сосема јасен, став 1 и став 2 го регулираат прашањето кој предлага одлуки, кој предлага закони. Во оваа ситуација уставна определба е дека Владата е таа која предлага одредени закони и одлуки и да не кажам во став 2 другите субјекти кои се наредени еден,два, три итн.

Во оваа ситуација и покрај тоа што овој Парламент, ова Собрание го избра Советот на Заводот за вработување, сепак ингеренциите остануваат на Владата, со тоа што Советот кој се наоѓа при Заводот за вработување треба да сугерира преку одредени конкретни анализи за состојбите, за правата и обврските кои ги има Советот преку одредени позитивни законски проекти донесени од ова Собрание, а предложени од соодветна Влада да посочи до одредено ресорно министерство да ја предложи стапката на придонесот како што сега што е одлука од 08, со одредено зафаќање. Меѓутоа, таа релација треба да биде министерство - Влада - Собрание. Во некој случај овде не се јавува Советот за вработување. Така да ако Владата не е спремна да го прифати ова, јас лично предлагам да го одложиме ова прашање за една од наредните седници.

III/2.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Мислам јасна е работата.

Ве молам малку само размислете, проширувањето на правата на предлагање на одлуки од ваков карактер надвор од пратениците и Владата до каде може да не одведе. Само тоа размислете. Тоа е многу опасна работа и ја дерогира пред се, улогата на Владата како надлежен извршен орган на политиката што ја води.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Најмалку беше намерата да се одземе време при утврдувањето на дневниот ред или да се покажува некој каприц. Се работи за следново

Ние можеме да дојдеме во многу незгодни ситуации. Денес се потрефило Заводот аз вработување да ја предлага истата стапка што важела и до сега, 0,8%. Владата дава позитивно мислење на Предлогот на Заводот за вработување. Не е спорно ние можеме денес да речеме добро, формално сме предлагач и да ја завршиме работата, да не се расправаме. Меѓутоа, што може да се случи? Еве може веќе во следната недела тој проблем да ни се појави.

Фондот за пензиско и инвалидско осигурување побара зголемување на стапката на 21 или 22%. Владата смета дека тоа не треба да се прифати. Во Законот за пензиско и инвалидско осигурување се вели дека предлагач на стапката е Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, Одлуката ја донесува Собранието, а Владата дава само мислење. Што може да се случи, бидејќи ние ќе имаме поинаков став? Они имаат легално законско право и покрај поинаквиот став на Владата тој предлог да го достават до Собранието и Собранието треба според одредбите до законот да се изјасни по предлогот од Фондот за пензиско инвалидско осигурување. Можеме да се доведеме во следната ситуација:

III/3.-

Владата има поинакво мислење и она не може да се јави како предлагач на Предлогот зад кој не стои, едноставно ќе се симне точката. Меѓутоа правата што произлегуваат од Законот не ќе може да се реализираат. Ќе биде ускратено правото на Фондот за пензиско и инвалидско осигуруваше, она што стои во Законот, директно да предлага стапка за зголемување директно пред Собранието. Тоа веќе може да ни се случи следната недела. Како тогаш ќе го решиме тоа прашаше. Тогаш дали повторно ќеречеме ајде Владата формално нека го даде тој предлог со кој не се согласува, после тоа да го брани ли или да не го брани. Затоа велиме дека треба принципиелно да се реши прашањето. Тоа е една работа.

Втора работа, да ве потсетам, ова Собрание, не се работи само за одредби кои произлегуваат од закони кои не се усогласени со Уставот, туку исто така ова Собрание во неколку наврати имаше тенденција дел од ингеренциите на извршната власт низ законските решенија да ги извлече и да ги посочи во директна релација помеѓу институции и Собранието. На пример да речеме ќе ни се јави програмата за патишта. За неа Владата дава само мислење. Ја предлага СИЗ-от за патишта или таа институција што после тоа ќе биде, фонд или незнам што ќе биде. Собранието одлучува за таа работа. Сакам да ви кажам денес, еве, не е проблемот, ајде ние да се јавиме како формални предлагачи, бидејќи немаме усогласеност, предлогот е тој, имаме позитивно мислеше, меѓутоа веќе следната недела може да ни се случи да имаме сериозен проблем. Како ќе го решиме тогаш. Затоа нашата интенција беше аринципиелно да го решиме прашањето.

III/4.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се разбира ние сега не можеме принципиелно да го решиме. Принципиелно си е решено во Уставот, а тоа што произлегува од законите ќе предложите дотогаш измена на тие закони и ќе ги решиме тие работи. Немаме друг начин.

Има збор господинот Алил Џаферовски.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

За да ги прекинеме маките и да не објаснуваме работи кои се објаснети и принципиелно да се реши овој проблем, јас и Никола Поповски сме предлагачи на оваа предлог - одлука за стапката што е поднесено од Заводот за вработување.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сеедно е, влезено е во стенографските белешки . ВО ред е. Само проблемот останува за понатаму и тоа треба да се расправи.

Во Уставот е сосема јасна работата, а законите кои се по стариот устав донесени е друга работа.

Сега нема проблем, не постои, тоа што укажува законодавно-правната комисија и немаме изјаснување по тоа.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот Дневен ред:

**(ПРИЛОГ)**

III/5

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред

1. Избор на член на Владата и министер кој ќе раководи со Министерството за односи со странство и Предлог за разрешување на потпретседателот на Владата на Република Македонија Бранко Црвенковски;

2. Избор на потпретседател на Владата на Република Македонија;

3. Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Собранието и во Советот на универзитетот во Битола;

4. Предлози на одлуки за разрешување и именување претставници на Републиката во органи на управување;

5. Предлози на одлуки за избор на членови на конкурсни комисии за именување индивидуални работоводни органи;

6. Предлог на одлука за разрешување од функцијата судија на Општинскиот суд - Струмица;

7. Предлог на одлука за разрешување од функцијата јавен правобранител на општина Кочани;

8. Предлог на одлука за разрешување од функцијата заменик окружен јавен обвинител во Окружното јавно обвинителство - Скопје;

9. Предлог на одлука за разрешување од функцијата заменик на окружниот јавен обвинител во Окружното јавно обвинителство во Штип;

10. Предлози на одлуки за разрешување од функцијата заменик јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство - Скопје

11. Предлог на одлука за давање согласност на Одлука- та за именување генерален директор на Македонскиот Народен Театар;

12. Предлог на одлука за давање согласност на Одлука- та за именување индивидуален работоводен орган на Национални пар- кови и ловишта - Скопје;

13. Предлог на одлука за давање согласност на Одлуката за именување на Статутот на РО за стопанисување со води "Мантово" - Радовиш;

14 Предлог на одлука за потврдување на Статутот на Народната банка на Република Македонија;

15. Предлог на одлука за основање на Советот за меѓу-национални односи;

III/6

16. Предлог на одлука за учество на Република Македонија во работата на Конференцијата за европска безбедност и сообраќај;

17. Предлог на одлука за стапување на Република Македонија во членство на Советот на Европа;

18. Предлози на одлуки за формирање на пратенички групи за меѓупарламентарна соработка со Република Бугарија, Турција и Албанија;

19. Предлог на одлука за основање на Анкетна комисија за настанот на "Бит Пазар" во Скопје од 6 ноември 1992 година;

20. Предлог на одлука за основање на Анкетна комисија за испитување на можни злоупотреби во работењето на одделни носители на функции во Министерството за внатрешни работи;

21. Барање на Општинскиот суд Прилеп за давање одобрение за водење на кривична постапка против пратеникот Благоја Чкатроски;

22. Предлог на одлуки за основање на заводи за здравствена заштита во Скопје, Охрид, Куманово, Штип, Прилеп, Кочани, Струмица, Битола, Титов Велес и Тетово;

23. Предлог на одлука за утврдување на стапката на придонесот за вработување за 1993 година;

24. Предлог на одлука за потврдување на Годишната сметка на Народната банка на Република Македонија за 1992 година;

25. Предлог на одлука за потврдување на Годишната програма за изградба, одржување и реконструкција на магистралната и регионалната патна мрежа во Република Македонија за 1993 година;

26. Предлог на одлука за одобрување на Завршната сметка на приходите и расходите за работа на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 1992 година;

27. Предлог на одлука за одобрување на пресметката на приходите и расходите за распределба и користење на средствата за работа на Републичкиот, Градскиот и општинските совети за безбедност на сообраќајот на патиштата за 1993 година;

28. Предлог на одлука за утврдување на Календар за одбележување на годишнини на значајни настани и личности за 1993 година;

29. Предлог на одлука за основање Комисија за одбележување годишнини за значајни настани и личности;

30. Извештај за работата на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија за 1992 година;

31. Извештај за работата на Службата на општественото книговодство на Република Македонија во 1992 година;

III/7

32. Извештај за остварување на средствата од игрите на среќа што ги приредува Лотарија на Македонија во 1992 година;

33. Извештај за работа на Народната банка на Република Македонија за 1992 година.

34. Извештај за работата на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените краишта за 1992 година, со

- Предлог на одлука за одбележување на Завршната сметка за 1992 година;

- Предлог на одлука за давање согласност на Финансискиот план за 1993 година;

35. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот здравствена заштита, со Предлог на закон;

36. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за угостителска и туристичка дејност, со Предлог на закон.

37. Интерпелација за работа на членот на Владата на Република Македонија и министер за образование и физичка култура д-р Димитар Бајалџиев.

III/8.-

Кој е за овој предлог, молам да крене рака? (58)

Дали е некој против?

Господинот Неим Селмани сака една интервенција.

**НЕИМ СЕЛМАНИ:**

Имаме предлог третата точка Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Собранието и во Советот на Универзитетот во Битола, да се одложи од денешната седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали е некој против дневниот ред? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање?

(Се јавуваат интервенции од пратеник во салата од господинот Селмани).

Он не вели да не се гледа.

(Гласови во салата , да не се гледа Предлогот)

А, да не се гледа предлогот.

**НЕИМ СЕЛМАНИ:**

Бараме да се одложи оваа точка, да не биде на оваа седница. Од причини што од Дебар не е застапено и поради стручност и поради други околности, па бараме да се одложи од денешната седница

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој е за предлогот на господинот Неим Селмани да крене рака, третата точка да се одложи за друга седница? (38 пратеници гласаа за)

Констатирам дека овој предлог не се усвои.

Бидејќи 58 пратеници веќе гласаа за дневниот ред, дали некој се воздржува од гласање? (еден пратеник се воздржува)

Констатирам дека дневниот ред е утврден.

(Господинот Неим Селмани се јавува од место и бара поединечно гласање).

Молам се бара поединечно гласање. Дали има 10 пратеници кои го поддржуваат господинот Селмани (Има)

Го молам секретарот да излезе на говорница и да се изврши поединечно гласање.

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

(ПРИЛОГ)

# С П И СО К

## на пратеници во Собранието на Република Македонија според азбучен ред на презимињата

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | - за |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА | - за |
| 3. ЕШРЕФ АЛИЈУ | - за |
| 4. ХАМИТ АЛИУ | - за |
| 5. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | - не е тука |
| 6. СТОЈАН АНДОВ | - за |
| 7. ТИМЕ АНДОНОВ | - за |
| 8. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | - за |
| 9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ | - не е тука |
| 10. ЛАМБЕ АРНАУДОВ | - против |
| 11. ДРАГИ АРСОВ | - не е тука |
| 12. БРАНКО АРСОВСКИ | - воздржан |
| 13. ДУШКО АРСОВСКИ | - воздржан |
| 14. ГОРГИ БОЈКОВСКИ | - за |
| 15. ЈОРДАН БОШКОВ | - не е тука |
| 16. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ | - воздржан |
| 17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | - за |
| 18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | - против |
| 19. ПЕТАР ГОШЕВ | - за |
| 20. ДРАГИ Г^ОЗДАНОВСКИ | - против |
| 21. САНДЕ ДАВЧЕВ | - воздржан |
| 22. РАТКА ДИМИТРОВА | - против |
| 23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | - не е тука |
| 24. ТОДОР ДИМОВ | - за |
| 25. ДОСТА ДИМОВСКА | - воздржан |
| 26. БОРКО ГОРЧЕСКИ | - воздржан |
| 27. ДУШКО ГОРГЕСКИ | - воздржан |
| 28. ПЕТАР ГОРГИЕВ | - за |
| 29. ЗУДИ ЕМИНИ | - за |
| 30. ЈОРДАН ЗАФИРОВ | - не е тука |

2.-

| | |
|---|---|
| 31. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ | - не е тука |
| 32. НАСЕР ЗИБЕРИ | - за |
| 33. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ | - против |
| 34. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ | - не е тука |
| 35. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ | - не е тука |
| 36. ИВАН ИВАНОВ | - не е тука |
| 37. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | - против |
| 38. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | - против |
| 39. СИМЕОН ИВАНОВСКИ | - воздржан |
| 40. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ | - не е тука |
| 41. РИСТО ЈОВАНОВ | - за |
| 42. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ | - воздржан |
| 43. РИСТО ЌЕЛЕШОВ | - не е тука |
| 44. ТАШКО КИРОВ | - не е тука |
| 45. ЗОРАН КИТЕВ | - против |
| 46. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | - воздржан |
| 47. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ | - не е тука |
| 48. ГОРГИ КОТЕВСКИ | - воздржан |
| 49. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | - не е тука |
| 50. НИКОЛА КРСТЕВСКИ | - за |
| 51. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА | - против |
| 52. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | - против |
| 53. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ | - против |
| 54. ЕФТИМ МАНЕВ | - за |
| 55. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | - за |
| 56. ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА | - за |
| 57. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | - не е тука |
| 58. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ | - за |
| 59. СТРАШО МИЛКОВСКИ | - не е тука |
| 60. ПАНЧО МИНОВ | - за |
| 61. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ | - воздржан |
| 62. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | - не е тука |
| 63. ВАНЧО МЛАДЕНОВ | - не е тука |
| 64. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | - за |
| 65. АВДИ МУРТЕЗАНИ | - не е тука |

3.-

| | |
|---|---|
| 66. НАИФ МУСТАФА | - за |
| 67. ПАНЧЕ НАСЕВ | - за |
| 68. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | - воздржан |
| 69. СИМОН НАУМОСКИ | - против |
| 70. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | - не е тука |
| 71. ЈОВАН НИКОЛОВ | - не е тука |
| 72. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | - не е тука |
| 73. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | - не е тука |
| 74. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | - за |
| 75. ТИТО ПЕТКОВСКИ | - за |
| 76. ТОДОР ПЕТРОВ | - воздржан |
| 77. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ | - против |
| 78. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | - за |
| 79. ДИМИТАР ПОПОВСКИ | - не е тука |
| 80. КИРО ПОПОВСКИ | - за |
| 81. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | - не е тука |
| 82. НИКОЛА ПОПОВСКИ | - не е тука |
| 83. ШАБАН ПРЕВАЛА | - не е тука |
| 84. БОЖО РАЈЧЕВСКИ | - не е тука |
| 85. ИСМЕТ РАМАДАНИ | - за |
| 86. ИВАН РАМБАБОВ | - не е тука |
| 87. ШУКРИ РАХИМИ | - за |
| 88. ФЕРИД САДИКУ | - не е тука |
| 89. НЕИМ СЕЛМАНИ | - за |
| 90. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | - не е тука |
| 91. АЦО СПИРОВСКИ | - против |
| 92. РИСТО СТАМЕНОВ | - не е тука |
| 93. РИСТО СТАНКОВСКИ | - не е тука |
| 94. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | - против |
| 95. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | - воздржан |
| 96. НАЌЕ СТОЈАНОВСЌИ | - не е тука |
| 97. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ | - не е тука |
| 98. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | - не е тука |
| 99. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | - не е тука |
| 100. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | |
| 101. ЏЕЛИЛ ТАИРИ | |

4.-

| | |
|---|---|
| 102. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | - против |
| 103. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ | - не е тука |
| 104. БЛАГОЈ ТОШЕВ | - воздржан |
| 105. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | - против |
| 106. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ | - воздржан |
| 107. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | - за |
| 108. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ | - не е тука |
| 109. АГИМ ФАЗЛИУ | - не е тука |
| 110. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ | - не е тука |
| 111. МУХАМЕД ХАЛИЛИ | - не е тука |
| 112. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ | - за |
| 113. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | - не е тука |
| 114. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ | - не е тука |
| 115. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ | - за |
| 116. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ | - за |
| 117. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | - не е тука |
| 118. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ | - за |
| 119. БЛАГОЈА ЧКАТРОВСКИ | - за |
| 120. ХИСНИ ШАКИРИ | - за |

IV/1 НД/ЉР

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, 39 пратеници гласаа"за", 16 против" и 18 воздржани.

Вкупно гласале 7 3 пратеници.

Констатирам дека овој предлог не е усвоен.

Преминуваме на пратенички прашања.

Ве известувам дека Владата на РМ достави одговори на пратеничките прашања на пратениците: Тодор Петров, Авди Муртизани, Драги Арсов, Санде Давчев, Ванчо Млаедновски, Владимир Голубовски,/ Неџадин Џафери и Благоја Чкатроски.

Дали пратениците што ги поставија овие прашања во врска со истите имаат дополнителни прашања:

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

По втор пат поставено прашаше, по втор пат ист одговор. Воопшто не сум задоволен од одговорот на Владата сметајќи дека би требало да се отвори парламентарна расправа заради тоа што пограничните табли на граничните премини при влезот во РМ се напишани на јазик писмо кој што не е утврден во Уставот на РМ. Во Република Македонија службен јазик не е македонското писмо и латиничното писмо и затоа сметам дека граничните табли на граничниве влезови треба да бидат усогласени според стандардните употреби на името на државата, како што е тоа напишано на патните исправи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Овде имаме предлог да се отвори расправа.

Молам, кој е за предлогот на г-динот Петров да крене

IV/2.-

16 пратеника гласаа "за"

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

**САНДЕ ДАВЧЕВ:**

Морам да кажам дека не сум задоволен од одговорот на Владата, бидејќи јас поставив прашања за доделување на локација на Средно Водно за античкиот столб на Унипроком. Одговорот беше од Министерството за информации дека ова Министерство нема издадено градежна дозвола. Колку што знам јас Министерството за информации не издава градежни дозволи. Градежни дозволи издава Министерството за урбанизам. Така да мислам дека многу погрешно е даден одговорот и барам навистина Министерството за урбанизам да даде информација да одговори на прашањето во која процедура е издадена таа градежна дозвола дали имало лицитација, или немало, дали имало други заинтересирани и сл. Значи, одговорот да го даде Министерството за урбанизам а не Министерството за информации.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Според тоа, значи прашањето е доставено точно до орган кој е, а одговорот го дава непрашан орган. Ве молам да се преадресира и да се бара одговор да даде Министерството за урбанизам.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитувани пратеници, и јас не сум задоволен од одговорот на прашањето од Владата во врска со контролата на државната граница. Имено, моето дополнително прашање гласи: "Кога Владата на Република Македонија ќе подготви и ќе достави до Собранието на РМ закон за контрола на државната граница на РМ"

Второ, барам од Владата на РМ односно од Ресорното Министерство да подготви информација за настаните во с. Танушевци

со упаѓањето на вооружените формации од територијата на северната соседна држава.

Ова прашање е доста актуелно затоа што настаните со упаѓањето на вооружените формации во с.Танушевци сеуште ја вознемируваат македонската јавност. Лишени се од слобода македонски државјани од страна на српската полиција, дислоцирано е селското училиште што претставува сериозен проблем во однос на дефинирањето на државната граница и граничната црта која ја дели територијата на РМ од територијата на соседната држава односно на СРЈ.

Минатиот пат јас до Владата поставив прашање во врска со безбедноста на државната граница и воспоставувањето на граничната контрола, меѓутоа од одговорот не сум задоволен затоа што очигледно Владата избегнува да даде конкретен одговор на прашањето што го поставив во однос на дефинирањето на нашата граница спрема северниот сосед, во однос на одредувањето на граничната линија и нејзината заштита, воспоставувањето на составот на таа заштита вклучувајќи ја и граничната контрола. Сето тоа како што видовме е од особено значење за регулирањето на заштитата на суверенитетот на нашата држава. Од тие причини барам и инсистирам на ова дополнително прашање од страна на Владата.

Исто така не сум задоволен и од одговорот на Владата во однос на прашањето што го сподавив на минатата седница за состојбата за криминалот по стопанството посебно со нарушувањето на правниот систем и правниот поредок во РМ. Од тие причини барам Владата да подготви информација за спречувањето на порастот на криминалот на стопанството и нарушувањето на правниот поредок. Реков, само делумно од оние податоци што ги даде Владата одговараат на прашањето што го поставив, меѓутоа и во тие кратки податоци може да

се констатира сериозноста на овој проблем, па поради таа причина и инсистирам на оваа информација.

Сакам уште еднаш да потсетам дека посебно се загрижувачки криминалните дејствија, финансиските малверзации против правното присвојување на имотот. Понатаму постојаната корупција злоупотребата на функциите, посебно на директорските функции, цветат митото, корупцијата и нередовната трговија со девизи. Сето тоа сигурно заслужува внимание и од тие причини мислам дека Владата треба да подготви една така информација која што ќе биде предмет за дискусија на една од наредните седници на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Службите нека прецизираат кои се дополнително поставени прашања од г-динот Драги Арсов, а надлежните органи на Владата да дадат одговор.

Дали уште некој има дополнително прашање, мислам од оние што веќе добија одговор? (не)

Бидејќи нема дополнителни прашања преееминуваме на поставување на пратенички прашања.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници Пред 4 месеци поставив прашање до ресорното министерство за урбанизам и сообраќај во врска со нови телефонски приклучоци во општината Кичево и тоа во северниот дел на градот. Ден денес немам договор на тоа прашање и сега не знам дали ресорниот министер подготвува елаборат за решавање на овој проблем, или пак заборавил да одговори на ова прашање. Прашањето беше едноставно. Во северниот дел има над 15

IV/5.-

илјади жители кои се заинтересирани за телефонски приклучоци, меѓутоа поштата што ја има, затоа тогаш јас елаборирав, централата е стара и мислам дека повеќе служи да биде во некои од музеите на Македонија, отколку што е поставена таму, да му служи на населението, затоа што функционира само еден број .

Молам, што побрзо да ми се одговори бидејќи населението е заинтересирано за решавање на проблемот во врска со ПТТ сообраќајот

**ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ:**

Почитувано Собрание, на 60-тата садница на Собранието на РМ, одржана на 14 април 1993 година, поставив пратеничко прашање кое се однесува до сите министерства, односно до сите надлежни министри.

Повод за прашањето е еден леток кој што е дистрибуиран низ Македонија од Социјалдемократскиот сојуз на Македонија. Во него во еден дел стои: "Во Собранието на РМ најчесто од опозицијата се попречува донесувањето на законите што ги изготви Владата и со чија примена треба да се воведе поефикасен систем на функционирање на државата." Тоа е тврдење, затоа што оди во јавноста и е дистрибуиран низ Македонија.

Прашувам, кои се тие закони што ги изготви Владата на РМ, а опозицијата го попречува нивното донесување. Прашањето се однесува на периодот од 8 јануари 1991 заклучно до 13 април 1993 година. Прашањето гласи - зошто не е одговорено на ова прашање меѓу еден од надлежните министерства, односно министри.

IV/6.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам да се подготви одговор и на ова прашаше.

**ПЕТАР ТРАЈКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, на 22 декември 1992 година поставив пратеничко прашање на кое одговор чекав околу три-четири месеци. Од тој договор не бев задоволен. Прашањето ќе го поставам сега повторно бидејќи како што имам информации тој одговор беше составуван надвор од Министерството во друга општина, а не од каде што требало да биде одговорот.

Пратеничкото прашање гласи: Дали Министерството за внатрешни работи подрачна единица Прилеп има поднесено кривична пријава до Општинскиот јавен обвинител во Прилеп заведено под КТ број 76-91 од јануари 1991 година против одредено лице без применување ка кривично дело од стопанството од казнениот закон на РМ.

Направена е проверка во Општинскиот суд Прилеп дали пред истиот е поднесено барање за спроведување на истрага, или дали е поднесено директно обвинение. Таков предмет пред Судот нема заведено, што значи дека предметот е сеуште во обработка пред Јавниот обвинител, која постапка трае скоро двеипол години а за која Јавниот обвинител е должен по добивањето на кривичната пријава да се произнесе дали бара истрага или обвинение во рок од 15 дена.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, нека се подготви одговор на тоа прашање.

V/1.- ЈМ-СЛ

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, дами и господа, јас поставив две прашања кои што се однесуваа на екологијата, конкретно на големиот помор на рибите во реката Вардар на 5.01.1993 година и за аерозагадувањето во Скопје во текот на месец јануар 1993 година со чад и со сулфурдиоксид. На моите пратенички прашања не ни одговори министерот за екологија кој што е одговорен, туку во писмена форма ни одговори министерот за земјоделие. Сметам дека требаше да добијам одговор од министерот за екологија и да се посочат виновниците за овие аерозагадувања. А видовме во меѓувреме се случи уште еден помор на рибите во реката Вардар и постојано ќе се случуваат помори се додека не се посочат виновниците. Сметам дека Владата треба со прст да покаже на тоа кои се виновниците а поморот на рибите во реката Вардар.

Исто така сметам дека институтот пратеничко прашање од страна на Владата е потценет, бидејќи ова е единствен начин за комуникација на нас пратениците со Владата. И оваа Влада доколку сака да биде демократска влада мора овде на лице место да станува и секој министер поодделно и премиерот да одговараат на нашите пратенички прашања. Јас писмени одговори не прифаќам и не барам. Барам јавни одговори овде од оваа говорница за да може јавноста да суди за спремноста и за способноста на министрите во Владата. И жалосно е што овде се присутни едвај двајца, или тројца министри и претседателот на Владата. Сметам дека за време на пратеничките прашања сите министри треба овде да бидат присутни и да одговараат на нашите прашања. Повторувам, институтот пратеничко прашање за нас пратениците, а и за јавноста е единствен начин на комуникација со господата министри во Владата.

прашања, институцијата пратенички прашања и дека треба да најдеме заеднички начин ние од Владата и Парламентот како тоа да го направиме. Има еден многу практичен проблем, тоа е што навистина многу ретко, дури не знам кога точно се случило да закажана седница на Парламентот почне тогаш кога ќе биде закажана. На пример конкретно оваа седница требаше да почне вчера во 10,00 часот, па се до 12-13 часот не се знаеше дали ќе почне, па требаше да почне денеска во 10,00 часот за да почне во 12,30 часот итн. Не можат сите членови на Владата цело време да бидат тука присутни и да чекаат кога ќе дојде моментот да се отпочне со поставуваше на пратенички прашања. Во некои други држави тоа е решено на следниот начин, бидејќи се соочуваат со слични проблеми одреден ден , на две недели , или на недела дена, или еднаш месечно одржуваат посебна седница на тој ден на која што само се поставуваат пратенички прашања. Однапред се дефинира терминот, сите членови на Владата се тука и сите заинтересирани пратеници имаат можност тоа да го направат. Доколку се постигне согласност од страна на Собранието, собраниските комисии да се разгледа ова прашање, мислам дека тоа е начинот на кој што може да се реши. Инаку навистина од практични причини Владата не може да си дозволи конфор и комодитет, сите членови на Владата ден, два, или не знам колку време да стојат тука и да чекаат кога ќе почне седницата на Собранието за да можат да одговараат на пратени ките прашања. Така што јас во потполност се согласувам дека не смее да се потценува институтот на пратенички прашања, меѓутоа, треба да најдеме практична форма како тоа да се реализира на најуспешен начин.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Јас во потполност го прифаќам образложението на премиерот и ја поздравувам желбата на премиерот министрите да одговараат на пратеничките прашања и да бидат присутни при поставувањето на пратеничките прашања. Ова го кажувам во интерес на јавноста дека јас лично како пратеник од опозицијата воопшто не се чувствувам виновен за доцнењето на седниците, ниту учествувам во подготовката на седниците. Зошто седниците почнуваат доцна мене не ми е јасно бидејќи јас сум редовно присутен, дури еден час порано доаѓам тука. Мислам тоа може да го каже и претседателот на Собранието.

Меѓутоа, институтот на пратенички прашања ние мораме да го одржиме овде во интерес на демократијата во Македонија. Сите гледавме на телевизија пред неколку недели во англискиот Парламент премиерот како одговараше на пратеничките прашања. Тоа е во интерес на оваа држава, дури се согласувам да има и посебни седници, уште подобро. Повторувам, не сносам никаква кривица за касниот почеток и барам овој институт на демократија во Македонија да не се потценува, да не се уништува. Лично не сносам никаква кривица, а верувам и цела опозиција никој не сноси кривица заради тоа што седниците дека касно почнуваат. И сега ако погледнеме во салата ќе видиме дека единствено опозицијата е присутна. Партиите кои што се на власт кои што имаат коалициона влада се гледа дека пратеничките клупи се празни.

**СТОЈАН АНДОВ:**

На прашањата што ги постави господинот Пановски ќе добие одговор по писмен пат, бидејќи тука сега не се министрите присутни

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас ќе поставам две, три прашања кои сметам дека се доста актуелни во средината во која живеам и од делот од каде што сум избран и како пратеник.

Првото прашање барем засега се поставува во мојата изборна единица, што Владата на Македонија презема и ќе превземе за ублажување на последиците кои ги предизвикува сушата во Република Македонија, посебно во земјоделието без да го елаборирам самиот проблем.

Второ прашање, исто така до Владата, кој е надлежен за утврдување на цената за водостопанските услуги во земјоделието, посебно во Републиката од причини што оваа година цената за користење на водостопанските услуги е зголемена за многу пати што предизвикува одредено незадоволство посебно кај земјоделците, да не кажам по единица површина од хектар се плаќаат околу 180 стари милијарди. Така што се поставува прашањето дека овие земјоделци не ќе можат да го издржат овој проблем.

Трето прашање, што Владата ќе преземе, или презема околу разрешување на проблемот сврзан со прифаќање на ученици кои посетувале воено училиште во бивша ЈНА. Барем на територијата на општина Куманово постојат повеќе ученици кои имаат завршено втора, односно трета година, или не завршена трета година, а сепак останале неопфатени со одредено образование. Секојдневно јас како пратеник имам контакт со тие деца. Така што Министерството за одбрана би требало да даде еден ваков одговор, ако превзима не е лошо да ги информираме децата за да отпочнат со нивното школување, или дошколување бидејќи е неопходна таква потреба баш заради тоа што ниту една друга, односно друго образование не ги прифаќа, бидејќи овде

има една посебна специфичност.

Четврто, ова прашање малку е од политички карактер, дали на Владата и е познато колку функционери и пратеници и други во Владата имаат купено општествен стан според Законот кој го донесе ова Собрание, а во меѓувреме поседувале сопствена куќа, или сопствен стан. Тоа се моите прашања.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Почитувани пратеници имам две пратенички прашања. Едното се однесува до Министерството за правосудство и управа. Ова прашање следи како резултат на сеуште не добиениот одговор на моето прашање кое што точно пред 6 месеци го имам поставено и со оглед на тоа дека не сум добил одговор, а работите се усложнија во комуналната работна организација Гостивар каде што прети епидемија на градот, каде што оваа организација точно б месеци работи со блокирана жиро сметка, а стечајниот управник сеуште нема донесено никакво решение. Па прашањето би било, што досега стори ова Министерство околу разрешување на овој случај?

Второто прашање се однесува до Министерството за внатрешни работи. Познати се во добар дел на градови во Републиката големи редици за стекнување на граѓаните со лична документација. Ние издвојувавме и со буџетот од 1991 - 1992 година, па и сега огромни средства за компјутеризација на овој орган, меѓутоа работата сеуште оди по старо. Значи се работи на стар начин, така што редиците се толку големи што се создава голема нервоза кај граѓаните. По овој терк како што се издаваат документите сметам дека во целина сите граѓани на Република Македонија за да се стекнат со потребни лични документи

треба точно една деценија, така сме пресметале. И затоа со оглед на претстојниот попис сметам дека на овој план Владата треба нешто да стори.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Во врска со поставеното пратеничко прашаше со предлог за промена на лицето овластено за застапувањето на јавното претпријатие Комуналец - Гостивар го давам следниот одговор.

Со решение на овој суд број 9187/92 во регистарската влошка бр.1-2229-000 во прилог бр. 6 и 7 е запишано бришење на директорот Лазаревски Добривое со тоа што во регистарот е запишан Целаковски Петар в.д. директор со неограничени овластувања.

Со решение с.ж. бр. 2066/92 од 22.12.1992 година жалбата на Собранието на општина Гостивар е уважена. Горенаведеното решение е укинато и предметот е вратен на повторно постапување на првостепениот суд. Во член 7 2 од Статутот кој што е доставен од страна на Собранието на општина Гостивар стои дека: Ако деловодниот орган на претпријатието не е именуван од работничкиот совет на претпријатието ќе именува вршител на должноста без конкурс со претходна согласност на Собранието на општина Гостивар. Во примерокот од Статутот кој што се наоѓа во збирката на исправите пред овој суд во*истиот член стои дека, ако деловодниот орган на претпријатието не е именуван, работничкиот совет на претпријатието ќе именува вршител на должноста без објавување на конкурс. Имајќи ги во предвид овие околности второстепениот суд во смисол на член 48 од Законот за постапката за упис во судскиот регистар го укинал второстепеното решение. По доставувањето на второстепената одлука во судот се јавил секретарот на Собранието на општина Гостивар кој на регистарскиот судија му рекол дека ќе ги испита наводите  во врска со

различната содржина на горенаведениот член во кој ќе се произнесе заради закажување на ново рочиште. Сеуште секретарот на Собранието не ја завршил својата работа и постапката пред судот е во тек.

**ФАИК АБДИ:**

Јас имам доста прашања од порано поставени на кои не добив одговор, веројатно ќе добијам одговор до септември.

Прво прашање, екс министерот за урбанизам,градежништво, сообраќај и екологија господинот Лепавцов во еден од одговорите на моето прашање за супстандардни живеалишта помеѓу другото одговори дека Владата на Република Македонија ќе преземе активности за планирање и потпомагање во разрешувањето на постојните проблеми околу супстандардот. Дали нешто е сторено, дали има некоја програма? Тоа е прашањето.

Втора работа во Република Македонија скоро во сите населени места и општини според тогашниот закон за мало стопанство граѓаните добиваа дозволи за обавување на дејност со личен труд. Тие немаат документ од подрачната единица од Министерството за уранизам, градежништво, сообраќај и екологија, но не по нивна вина. Сега објектите се рушат, се селат итн., се бркаат луѓето. Овие луѓе плаќаат редовно данок од доход, данок од личен доход итн. Што ќе стане со овие луѓе? Па дури и на пазариштата каде што имаат тезги од нив се бараат некои ХТП услови. Чудна работа, пазариште со ХТП услови на тезга.

Трето прашање до министерот за образование. Во основното училиште "26 Јули" во Скопје на наставен македонски јазик има околу 430 ученици, а интересна работа бројот на персоналот кој што предава е над 50. Тоа му доаѓа некаде 8 до 9 ученици по еден наставник, учител,

V/9

професор итн. Да се опише ситуацијава што е тоа? Сигурно би требало да има рационализација. Барам од- говор на ова прашање.

VI/1/ЛП/0М

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Малку ќе се поврзам со господинот Пановски затоа што ми се чини истите прашања сме ги поставиле на времето и не сме добиле никаков одговор од Владата. Меѓутоа, сакам да кажам една работа. Ако некој ја остави колата било каде, од немај каде, веднаш ќе дојде таму полицаецот и на лице место или подоцна ќе одговара што стои Јас немам кола, фала богу, ни точек, но Вие што имате, веднаш ќе ве казни. Еве во што е работата.

Кога зборуваме за екологија, конкретно за реките се зборуваше, овој ден го носиме законот, другиот ден ги отруја рибите со хемикалии. Зошто е тоа така? Затоа што ми се чини ние немаме донесено закон за казни. Немаме донесено закон со кој малку ќе г\ гибнеме и тие директори на фабриките и пошироко.

Сега има една друга работа што не е загадена само една река, луѓе. Загадени се сите мали и поголеми реки. Ние не обрнуваме многу внимание на тоа и затоа доаѓа до општо загадување. Но знаеме кои се тие фабрики кои најповеќе ги загадуваат реките и со тоа ја уништуваат околината и екологијата внатре во реката, во водата. Ако така продолжи&е, верувајте ми ние ќе бидеме утре за гревови. Затоа, треба да се одговара на овие пратенички прашања, а од друга страна молам да се донесе закон со кој нема да се поштеди ни еден директор или фирма која ги загадува водите. Јас тоа го барав, ако се сеќавате, вие тука бевте присутни, уште кога Дојранското езеро на времето се уништуваше, бев тој првиот кој реков дека ќе се уништи и се уништи и се ништи. Меѓутоа, и тогашната Влада, не оваа Влада туку претходната беше, не ми одговори на тоа прашање, но фала на Господ денес гледам дека таму се некои

комисии од разни формати, од Водостопанство, од екологија, незнам кој се тие таму што се собираат и ако тие работат за спасување на Дојранското езеро, тоа е добро, но од време на време треба ова Собрание и Владата да дава извештаи до каде стигнуваат работите околу дојранското езеро.

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Почитувано претседателство,јас имам две пратенички прашања од кои едното ќе биде репризно затоа што веќе 60 дена чекам на негов одговор.

Исто така, ќе искажам едно чудење што секогаш кога ќе добиеме одговор на пратеничко прашање во писмена форма таму стои дека на наредната седница министерот од ресорното министерство ќе год де одговорот на самата седница. Досега не памтам дека такво нешто се случило, па подобро е воопшто да не пишува во одговорот дека министерот од ресорното министерство ќе даде одговор на првата наредна седница.

Прво ќе го поставам ова репризно прашање на кое чекам одговор 60 дена. Јас имав и дискусија кога беше Законот за трансформација на општествениот капитал и за продажбата на општествените станови па ќе молам да го сослушате и за него ќе барам итен одговор.

Дали при продажба на становите во општествена сопственост се почитуваат основните одредби на Законот за станбени односи број 48/ 88, поточно одредбите на членовите 67 и 68 од истиот Закон.

Образложение: постои основно сомнение дека при продажба на становите во општествена сопственост не се почитуваат одредбите од членовите 67 и 68 од Законот аз станбени односи, број 48/88, што ќе го

поткрепам со следното. Се случува лица што имаат така наречено станарско право, користејќи општествен стан врз основа на Законот за продажба на станови во општествена сопственост или пак по судски пат ги откупија општествените станови за багателни пари, 5 до 6 илјади германски марки. Горното би било нормално, ако иститe од општеството недобиле плац за изградба на семејна куќа, добиле во неколку наврати долгорочни кредити од работни организации со ниска камата за изградба на истата, по изградбата на куќата голем број од нив се иселиле пред две до три години, а становите не ги предале на СИЗ-от за становање или работната организација или пак на Општинското собрание, на кое поголемиот број му припаѓаат. сега повикувајќи се на така нареченото стан

арско право ги купуваат за багателен износ.

Напоменувам дека во Куманово одделни од нив, таканареченото станарско дрпаво, го префрлаат на децата, а самите работни организации и Општинското собрание и Судот, не почитувани ги одредбите од Законот за станбени односи, поточно одредбите од цитираните членови, им овозможија противзаконско збогатување, бидејќи веќе некој од нив откупените станови ги продадоа за 40 до 50 илјади германски марки. Ѓа сето ова јавниот правобранител и истурените единици на Министерството за градежништво и урбанизам молчат и не реагираат. Интересно е да се напомене дека покрај изградена куќа, за која добиле плац и долгорочни кредити, повеќето од нив имаат купено и станови во нова градба, кои сега ги издаваат под кирија,а општественото, неп рименвуајќи го горниот закон им овозможи преку ноќ 5 илјади германски марки да ги претворат во 50 илјади германским арки, што претставува невиден грабеж на општествената сопственост.

Сега навистина барам поитен одговор од министерот за градежниште и сообраќај Антони Пешев во писмена форма, а и овде на говорница како што е назначено, а исто така и од Министерството за правосудство да видиме каква е улогата на јавниот правобранител.

Благодарам за првото прашање.

Второ прашање би било:

Согледувајќи ги проблемите околу исплатата на неколкуте десетини пензионери од селата Табановце, Четирце и Каравичане, Кумановско, кој својата пензија ја стекнаа работејќи во поранешните ЈУ Републики во фирми, го поставувам следното пратеничко прашање:

Зошто пензионерите од бившите ЈУ Републики немаат еднаков третман во исплатата на нивните пензии со пензионерите од Република Македонија, иако постојат сознанија дека околу префрлувањето на средствата за исплатата на нивните пензии од другите Републики нема никаков проблем.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Министерот не е тука.

Има збор пратеникот Панче Минов.

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, сакам да поставам три прашања.

Првото прашање се однесува на следното:

Пред точно еден месец неколку пратеници од Кавадарци и Битола поднесовме предлог за изменување и дополнување на Законот за вработување, чија суштина накратко се состои во проширувањето на

материјалните и социјалните права на стечајните работници во смисла на продолжување на времето на примање на паричен надоместок за година дена на голем број од овие стечајни работници, на кои во месец јуни односно јули им истекува рокот на примањето на паричниот надомест, што значи не губење на пензискиот стаж, како и зголемување на висината на тој паричен надомест.

Јас потполно се согласувам со претседателот на Собранието дека таква работа, која предизвикува значајни материјални финансиски средства не бива без соодветно мислење од Владата, односно надлежното министерство кое треба, согледувајќи ги материјалните можности во социјалната сфера да заземе позитивен или негативен став во однос на ова прашање, затоа што тоа има непосредно материјално чувствителен карактер кај еден добар дел на структура на невработените лица односно кај стечајните невработени лица.

Второто прашање се однесува на еден општ проблем, кој што се врзува за здравственото осигурување на лицата кои се во евиденцијата на Заводот аз вработување. Тој проблем е од поодамна и за тој проблем поединечно голем број пратеници по општини каде што граѓаните ги тиштат тие проблеми се обраќаме и до Министерството за здравство и до надлежните раководни функционери во Владата, се расправало на ; Владата, но ефекти од таа работа односно решавање на овој проблем нема.

Прашањето е конкретно: Како и во која срочност на време Владата предвидува да го разреши проблемот со здравственото осигурување на лицата кои се невработени на евиденцијата ка. Фондот за вработување.

VI/6.-

Третото прашање се однесува за областа на комуналните такси. Постои голема појава на реагирање за енормното зголемување на висината на комунални такси за истакнување на фирми.

Прашањето е следно: Како се извршува наплатата на комунални такси за извршување на фирми, споредено со нејзиното зголемување за 1993 година.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Министрите не се овде, на кои се однесува прашањето. Има збор господинот Хамид Алиу.

**ХАМИД АЛИУ:**

Почитувани пратеници, имам прашање за соодветното министерство, во писмена форма да ми одговори.

Националната структура на вработените по општини во цела Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Љупчо Георгиевски.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

После секоја војна Владата во одредена држава пред својата јавност излегува со еден биланс односно извештај од таа војна, во која се содржани главно три работи: 1) бројот на загинатите војници и старешини на државата која учествувала во таа војна; 2) бројот на инвалидите, физички и духовни, вратени од таа војна и 3) загубата на воената техника од таа војна.

Ова објавување на податоците е важно од неколку аспекти.

Прво, аспект на државотворноста, аспект на историјата и чисто морален аспект на прашањето односно одговорот кој се дава.

Со оглед на фактот дека последниот југословенски војник ја напушти македонската држава пред повеќе од една година и со оглед на фактот дека официјално последниот македонски војник или старешина е вратен од југословенското жариште пред повеќе од една година, сметам дека крајно време е и оттука го поставувам прашањето кога македонската Влада има намера да излезе со официјален биланс пред македонската јавност и да му кажена македонскиот народ со официјални податоци и конечни извештаи колку македонски војници и старешини загинаа во југословенската војна, колку духовни и физички инвалиди се вратија од та југословенска војна и конечно во милијарда или Милиони долари, зависно каква е проценката, дали има воопшто проценка, значи колку милијарди војна техника и наоружување македонската држава има изгубено во таа југословенска војна.

Покрај овие три прашања, сметам дека за македонски услови потребно е уште едно прашање да се постави, а тоа е колку македонски старешини ја продолжија својата кариера во рамките на Југословенската Народна Армија

Оттука, ме интересира прашањето кога македонската Влада има намера да ги објави официјалните извештаи, официјалниот баланс на загубите по сите три основи на Република Македонија. Сметаме дека ова е должна од неколку аспекти кои веќе ги кажав.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Горан Зафировски.

**ГОРАН ЗАФИРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, повеќе пати го поставувам ова прашање, но до мене одговор не дошол.

Дали Владата размислува да помогне за изградба на водоводи во големи населени места, конкретно во општина Гази Баба. Во општината Гази Баба голем дел од населението нема вода за пиење, дури се случува населени места на 5 - 6 километри од Скопје да пијат вода од цистерни. Населението од тие места по неколку пати собира пари преку самопридонес, меѓутоа, поради немање поддршка од Владата,парите ги јаде инфлацијата.

Ја прашувам Владата дали размислува за некој шаблон или утврдена псотапка по кои барем во такви големи места блиску до градовите ќе се градат тие водоводи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Министерот не е тука.

Има збор господинот Ефтим Манев.

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

ВО почетокот на месец септември токму во времето кога се бираше оваа влада сега што е на власт постави барање да се изготви една информација за незаконската трговија и продажба на цигари во текот :на 1992 година, кога на големо беше преплавен скопски пазар, па и другите општини, со повеќе потпрашања, информацијата да каже колку цигари се продадени на таков начин, без да се плати данок на промет, главно се избегнуваше данокот на промет, со колку е осиромашен буџетот и повеќе други констатации кои се наредени. Но досега Владата

не изготвила таква информација, ниту не информирала зошто тоа не го направи. Зошто се избегнува тој проблем.

Затоа, барам во најкратко време да бидам известен кој се причините што досега не е одговорено на моето барање или да се одговори, да се изготви таква информација и да се достави како до мене така и до сите пратеници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Трајан Мицевски.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Со оглед на настанатите немили настани во спортот во Битола, Прилеп, па и Кратово и неколку , што се зачести, наместо да се изиграат фудбалски утакмици, се одеше до една така наречена во една година, наместо да се одигруваат утакмици, се спрема огромна полиција од Скопје и се прави наместо спорт војна.

Прашањето гласи: да се изготви информација од надлежното министерство и Фудбалскиот сојуз на Македонија што сторил во оваа година да се смират немирите. Сметам дека во оваа година зедоа таков замав што наместо фудбал се отвораше војна. Примери имаме со запалување на салата во Прилеп, настаните во Битола на два пати, па и во Кратово настаните, каде што огромен замав зеде од тој настан. Сметам дека Фудбалскиот сојуз малку се има забавено стручно околу таа подготовка и зашто не се почитуваа барањата на управите, особено на Битола, кога знаејќи ја ситуацијата на терените дека комитите ако се пуштат да дојдат ќе направат белја и шкембарите да не беа, ами нарочно со пратеќа полиција се носени на игралиштето и наместо да се отпочнува утакмица, утакмицата забрането.

VI/10.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Мицевски, поставете го Вие прашањето, немојте да давате одговор.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Добро. Значи, да се достави информација за настаните на трите фудбалски настани, Битола, Прилеп и Радовиш.

(Некои од пратениците бара реплика).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, само еден момент, нема реплика. Чекајте малку, не сте спомнати Вие.

Прво, јас мислам дека господинот Мицевски ќе се согласи дека Собранието не може да бара информација од Фудбалскиот сојуз на Македонија. Ние овде не можеме да општиме со нив, но она што е не барање информации, туку да се одговори на причините и последиците за нередите на фудбалските и другите спортски игралишта. Тоа е прашањето.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ**:

(од место)

Реков надлежното министерство за Физичка култура во соработка со други.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Љубосав Иванов.

(Пратеникот Трајан Мицевски стоејќи на своето место прашува "што бара овој")

Ве молам за тишина.

**ЉУБОСАВ ИВАНОВ:**

За да можеме ние да подготвиме информација што ја бара, иако не сме обврзани, Мицевски ако може да објасни кои се тие настани во Кратово, не ни е познато нам во фудбалот.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ**: (од место)

Зошто не одговори за Битола?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Станува збор за тоа дека не можеме да бараме - (му се обраќа ј на пратеникот Трајан Мицевски кој реагира од место) Ве молам , господине Мицевски седете си таму, не бива така еден со друг да расправате, Собранието ќе направи многу лоша услуга ако за одделни спортови и нивни созузи и асоцијации овде расправа. Не личи така да работиме и не е добро тоа. Меѓутоа, јас мислам дека прашањето го упатува господинот Мицевски на надлежните министерства. Така?

**ДИМИТАР БАЈАЛЏИЕВ:**

Како ресорно министерство повеќе пати сме истапувале уште пред почетокот на фудбалските првенства за сериозноста на ситуацијата и потребата од максимално внимание и соработка при одржување на сите спортски натпревари.

Пратеникот Мицевски побара детална информација за последните настани, на таа информација сериозно се работи, меѓутоа ќе ги сочекаме следните извештаи и наоѓања на стручните служби по однос на она што стана во Прилеп, во однос на настаните немили во Битола, како и низа други согледувања и неспортски однесувања. Станува збор за потреба од целосно преиспитување на однесувањето не само на младината, туку и на граѓанството во поширока смисла на спортски' и други манифестации.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Прво прашање до Министерството за односи со странство. При мојата посета на Перт во Австралија на македонскиот конгрес. Јас користам приликата да ги поздравам сите наши сонародници, браќа и сестри таму, дојдов до следното сознание: дека од страна на македонците во градот Перт, до Министерството за односи со странство се испратени 32 илјади долари за хуманитарни потреби во областа на здравствената дејност. Барам информација од Министерството за односи со странство каде се насочени овие средства, дали се насочени во здравството. Тоа е едно прашање.

Второ прашање во заводите за вработување во Република Македонија, евидентирани се 172 илјади невработени граѓани. Од нив 140 илјади граѓани добиваат здравствена заштита по однос на здравствено осигурување на член на семејство, чии се припадници тие 140 илјади граѓани, 32 илјади граѓани регистрирани во Заводот за

вработување добиваат здравствена заштита иако немаат здравствено осигурување.

Прашањето е има ли членови на семејствата од овие 32 илјади граѓани кои што добиваат бесплатна здравствена заштита чии што членови на семејствата се вработени во странство и кои што имаат таму примаша. Ова од причина што не се рамноправно третирани граѓаните кои што се здравствено осигурени по основ на здравствено осигурување по основ на вработуваше, а нивните членови се пријавиле во заводите за вработување како невработени, додека друга категорија на граѓани исто така во своето семејство има примања, меѓутоа од странство, а се обезбедува бесплатна здравствена заштита по однос на вработени. Ова до министерството за труд и социјална политика.

**НЕЏАТИ ЏАФЕРИ:**

По приемот на Македонија како прво прашање во ОН нашите вработени во странство имаат проблеми од граѓански карактер бидејќи дотогашните дипломатски претставништва на бивша Југославија, не ги примаат овие потреби да ги подмират со нашите граѓани, па како пратеничко прашање би го поставил на ресорното министерство, овие граѓани како може да ги подмират своите потреби во тие земји каде што немаме дипломатски претставништва.

Како второ прашање, бидејќи законот за локална самоуправа еве веќе задоцнува три години, имаме проблеми со месните заедници. Дали советите на месните заедници може да имаат избори по стариот закон. Ако не какво решение може да има за сегашните проблеми.

Како трето прашање бев присутен во аеродромот Скопје и голем број од патниците што пристигнуваат и патуваат се од албанска националност, според информацијата на англиски јазик, француски и | македонски би прашал ресорното министерство зошто нема информации и на албански јазик.

VII/3

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Јас барам лично до премиерот да го поставам прашањето, бидејќи ја фрли топката на Парламентот, меѓутоа може од Владата и други да ни одговорат бидејќи не е присутен кога и како е финансирањето на политичките партии и како е решен просторот за работа на политичките партии моментално во Републикава и како второ прашање, бидејќи е екот на сезоната сега за жетвата, имаме висока инфлација, и големи каматни стапки, прашувам дали има намера Владата да изврши корекција на откупната цена на пченицата и ако има намера колкаво ќе биде тоа во проценти или во денари изразено. Ако може да ми се одговори тоа, бидејќи барам веднаш да ми се одговори. И на едното и на другото прашање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Меѓутоа не е тука ни едниот аи другиот министер.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас би поставил три прашања. Познато ни е дека сите наши пазари се окупирани од таканаречени диви продавци кои доаѓаат од соседна Србија и вршат продажба на неконтролирани производи. Тие !производи ги донесуваат ако доаѓаат со воз, ги кријат на разни места, посебно носат мелено месо, па го кријат во клозетите и сл. го изложуваат на продажба, може да се случи да дојде до некоја зараза, а ваквата продажба директно наштетува на платниот промет и на производството во Македонија, затоа што се откупуваат тие производи, а овдека во прашање се доведуваат нашите производи кои не одат, па од таму доаѓа до неликвидност на државниот буџет, нема ликвидност на плаќање и што е најбитно се јавува безработица поради немање на пласман на нашите производи.

Дали Владата и кога ќе ја запре оваа дива трговија, при сознание дека нашите производи на спротивната страна не се дозволува да се носат.

Второ од оваа говорница говорев за интервенција на санитарната инспекција во Куманово каде во среда е сточен пазар, таму се купуваат разни стоки и се колат во две така наречени населби Средоред и Диво насење и таму се колат и се продаваат на лице место. Прети опасност од две околности. Од самиот начин на колење и од неконтролирање каква стока се коле. Немаме ниту санитарна ниту ветеринарна интервенција, па затоа поставувам прашање кога Владата преку своето ресорно министерство ќе се позанимава со овие работи и ја запре оваа појава.

Трето, едно прашање од еколошка сфера. Знаеме дека Поморка и Кумановска река, се мртви реки поради загадување од повеќе капацитети. Дали Владата со извршни решенија ќе наложи на загадувачите да престанат со загадувањето, а ова продолжува на река Пчиња, а понатаму прети и да го претвори и Вардар во еколошки мртва река. Да ми се одговори на овие прашања.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Со оглед на времето кое што помина а не добив одговор на десетина прашања, денес се наоѓа во ситуација на една потреба да почнам да ги повторувам прашањата. За денес едно прашање. Во врска со бродот на Силекс во Охрид. На прагот на туристичката сезона ја прашувам Владата зошто во однос на понудата се откажуваме од регулирање на користење на еден објект кој што може да придонесе за поквалитетен туризам во регионот. Молам, Владата да одговори побрзо за да може да се интервенира во самата сезона која што е почната.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Би ја прашал Владата и молам да ми одговори за начинот на формирањето на месните заедници. Посебно во Тетово. Знаеме по кот закон тие месни заедници се формирани. Знаеме во месната заедница

во с.Доброште со заканување на полиција сменети се претседателот и секретарот. Земени им се печатите и создадена месна заедница етнички чиста. Во месната заедница во Тетово"Радован Чониќ" исто така секретарот е затворен од страна на МВР, барани се со сила печатите, тој не ги дал и след тоа пак е пуштен. Но затоа во месната заедница избрано е ново раководство етнички чисто, вратата е насилно обиена на месната канцеларија и сега имаме месна заедница етнички чиста. Молам да ми се одговори на тоа прашање.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитувани пратеници бидејќи беше и претходно поставено едно прашање, да биде одговорот заеднички.

Согласно на уставните амандмани од 57 до 80 и со укинување на законот за избор на совети за месните заедници не постои законски основ за избор на нови членови во советите на месните заедници. Од тука сметам дека не може да се врши нов избор се до донесувањето на законот за локална самоуправа. Со донесените одлуки на собранијата за распишување на избори за нови совети на месните заедници, согласно на член 50, секој може да покрене постапка пред Уставниот суд, а Уставниот суд да ја каже законитоста на самата одлука.

**ТИМЕ АНДОНОВ**

За формирањето на овој Парламент бивши вработени во општествено - политичките организации беа преземени од министерството за правосудство. Со закон беше регулирано дека во рок од една година треба да се прераспоредат, или на друг начин да се реши нивниот статус. Моментално сеуште имаме нераспоредени работници од овие организации, од кои поединци има и функционерски статус, преземени од минатиот период. Владата да одговори на кој начин по кој закон тоа го спроведува и да каже што мисли со овие вработени, а исто

така на кој начин се плаќаат одредени вработени што се бивши функционери што уште пред три години земаат функционерски плати.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Согласно на членот 16 од уставните амандмани каде се предвидуваше преземање, поточно на членот 238 став 2 од Законот за органите на управата, оние функции кои од општествено - политичките организации поминаа во функција на државата, во овој временски период кој го предвидува Законот беа преземени и работниците кои тогашниот ресоран министер ги презеде тие работници. А за распоредувањето на работниците тоа е политика на Владата која Комисијата за кадровски прашања во Владата на Република Македонија го определува нивното ангажираше спрема работните способности со кои располагаат работниците, или пак им определува согласно на членот 20 став 2 од Законот за лични доходи на функционери примање апанажа од една година.

**НЕЏАТИН ЏАФЕРИ:**

Во врска со моето прво прашаше за месните заедници, ако задоцнува Законот 5-6 години, што правиме со советите на сегашните месни заедници, бидејќи- тие јавно одбиваат да работат, бидејќи не се легално избрани. Нивниот мандат поминал пред три години, што правиме сега. Или Законот ако оди уште три години да не можеме да го донесеме што ќе правиме со месните заедници, кога знаеме дека тие се мини општини. Решение бараме за ова.

**ТИМЕ АНДОНОВ:**

Јас се јавувам само министерот да ми одговори зошто после три години сеуште се задржуваат функционерски примања за одредени личности.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Јас реков дека комисијата за кадровски прашања при Владата на Република Македонија ги ангажира работниците и им го определува личниот доход према коефициентите со кои располага, согласно на законот за органите на управата. А прашање е на комиси- јата, исто така и на Владата према потребите тие работници да ги преземе и да ги распореди на соодветни работни места согласно на систематизацијата и организацијата на сите министерства кои ги има. А за нераспоредените работници, јас реков дека секое министерство ќе си побара од тие луѓе кои се потребни за извршување согласно на систематизацијата и организацијата со која располага тоа министерство, а доколку нема тогаш останува на располагање на Владата се додека не се постават услови за работно ангажирање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Андонов уште еднаш се јавува, само вие влегувате во расправа. Не може сега во расправа. Вие само можете да дадете дополнително прашање.

**ТИМЕ АНДОНОВ:**

Баш тоа дополнително прашање, бидејќи не е одговорено. Станува збор за преземени работници кои што сеуште не се распоредени, а после две ипол години земаат функционерски плати.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Министерот смета дека на тоа прашање дал одговор.

Со ова се исцрпени пратеничките прашања. Бидејќи сега е 15,00 часот, па ако дадеме пауза за ручек ќе се вратиме во 17,00 кога треба да престанеме со работа предлагам да продолжиме утре во 10,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 15,00 часот).